Архивски број: 08-57/9
08-03-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-480/1 од 22.12.2021 година и претставка бр. 08-47/1 од 20.01.2022, поднесени од [redacted] од Гостивар против Општина Гостивар, за сторена дискриминација по основ на политичка припадност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на ___________ година го донесе следното:

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основ на лично својство и општествен статус врз лицето [redacted] од Гостивар, вработен во општина Гостивар на работно место Раководител на Сектор за урбанизам, сообраќај, комунални дејности и заштита на животна средина, сторено од страна на градоначалникот на општина Гостивар [redacted]

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) поднесена е претставка со архивски број 0801-480/1 од 22.12.2021 година од подносителот [redacted] со адреса на живеење [redacted], Гостивар против општина Гостивар со седиште на ул. Браќа Ѓиноски бр. 61, Гостивар. Подносителот до Комисијата на ден 20.01.2022 година поднесе уште една претставка заведена под архивски број 08-47/1. Од причини што и двете претставки се однесуваат на истиот основ и се изнесени истите факти, Комисијата ги спои двете претставки во еден ист предмет, водејќи ја постапката под архивскиот број 08-47.

Подносителот во претставката наведува дека врз него е сторена дискриминација врз основ на политичка припадност, односно дека врз него се врши психичко вознемирување во континуитет, со што се создава непријателство, понижувачко и навредливо однесување, а чија крајна цел е престанок на работниот однос или напуштање на работното место. Тој наведува дека со Наредба бр. 09-1696/1 од 13.11.2017 година на новиот градоначалник на општина Гостивар [redacted], му е наредено сите тековни предмети од делокругот на секторот во кој е раководител да му ги предаде на друг административен службеник со пониско звање од истиот сектор, како и дека тој административен службеник ќе ги води сите управни работи, тековни постапки и потпишувања на акти по овластување од градоначалникот. Следствено на тоа по два месеци добил нова Наредба бр. 09-1964/7 од 15.01.2018 година со која е преместен од просториите на општинската зграда (објект) во простории на Јавното претпријатие Комуналец Гостивар, кои простории ги користи општината и во кои се преместени одреден број на вработени во општина Гостивар. Понатаму, тој наведува дека со таквите наредби и со преместувањето во простории надвор од општинската зграда е исклучен од Секторот за урбанизам, сообраќај, комунални

дејности и заштита на животна средина во кој е распореден со решение и дека со тоа е исклучен од сите работни процеси на Секторот и не му се доделуваат никакви работни задачи. И покрај тоа што во повеќе наврати се обраќал до општина Гостивар, градоначалникот и секретарот на општината, како и поднесувал претставки до надлежни органи, за што се спроведени соодветни постапки, тој се уште е распореден во просториите кои ги користи општина Гостивар во рамки на ЈП Комуналец Гостивар. Со тоа, според него, се врши континуирано психичко вознемирување на работно место (мобинг) од страна на градоначалникот и секретарот на општина Гостивар.

Кон претставката во прилог, подносителот во копии достави: Наредба бр. 09-1696/1 од 13.11.2017 година за предавање на предмети, работи од делокруг на секторот; Наредба бр. 09-1964/7 од 15.01.2018 година за преместување во простории на ЈП „Комуналец" Гостивар во седиштето на општината; Наредба бр. 09-1557/1 од 26.08.2021 година за преместување од седиштето на општината во простории на ЈП „Комуналец" Гостивар; Известување од Народен правобранител на РМ НП бр. 106/18 од 21.03.2018 година во врска со претставка поднесена од вработен во општина Гостивар; Известување од Народен правобранител на РСМ НП бр. 953/21 од 27.09.2021 година во врска со претставка поднесена од [redacted] Решение од Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка ИП2 број 12-23 од 07.10.2021 година; Известување од Државен инспекторат за труд ПЕ Гостивар бр. 09-925/2 од 14.07.2021 година; Известување од Државен управен инспекторат Ип1 бр. 11-676 од 25.05.2021 година, Известување од општина Гостивар бр. 09-568/2 од 25.03.2021 година до Министерство за транспорт и врски во врска со спогодбено преземање на административен службеник, како и дописи од подносителот до општина Гостивар, градоначалникот на општина Гостивар и секретарот на општината од 30.09.2020 година, 23.06.2021 година, 21.07.2021 година, 24.08.2021 година, 26.08.2021 година, 5.11.2021 година и 30.11.2021 година во врска со приговори и барања на подносителот за негово вклучување во работите на секторот со кој треба да раководи и негово враќање во просториите на општинската зграда.

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, дискриминацијата е дефинирана како секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Понатаму, согласно член 8 став 1 од истиот закон директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Дополнително на тоа согласно член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на

достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Согласно член 9-а од Законот за работните односи („Службен весник на РМ" бр. 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 110/2019; 267/2020; 151/2021 и 288/2021), психичко вознемирување на работно место (мобинг) претставува дискриминација во смисла на членот 6 од ЗРО и истото во смисла на овој закон, е секое негативно однесување од поединец или група кое често се повторува (најмалку во период од шест месеца), а претставува повреда на достоинството, интегритетот, угледот и честа на вработените лица и предизвикува страв или создава непријателско, понижувачко или навредливо однесување, чија крајна цел може да биде престанок на работниот однос или напуштање на работното место.

Со членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација пак, се утврдува товарот на докажување, односно дека подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.

По добивањето и разгледувањето на претставката, Комисијата во согласност со член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во два наврати со допис се обрати до општина Гостивар, на ден 24.12.2021 година и 26.01.2022 година, за да се изјасни за наводите во претставката во рок од 15 дена од денот на нејзиниот прием.

Општина Гостивар до Комисијата достави Известување бр. 09-171/2 (архивски бр. на КСЗД 08-47/3) на 14.02.2022 година, со кое се изјасни за наводите во претставката. Во Известувањето како одговор се наведува дека подносителот на претставката како вработен во општината е канцелариски сместен во простории на ЈП „Комуналец" Гостивар во делот предвиден за општинската администрација на општина Гостивар. Понатаму, дека од 2009 година овие простории се предвидени за општинската администрација и дека во нив во континуитет ротираат административни службеници вработени во општина Гостивар од различни профили за да им се излезе во пресрет на барањата на граѓаните, претежно од стручно консултативен и информативен карактер. Таквата потреба ја оправдуваат со период кога иселениците од подрачјето на општината се враќаат од странство, а дека просторните капацитети во општинската зграда се ограничени и присуството на странките го нарушува нормалното работење. Како причина за распоредувањето на [redacted] во просториите на ЈП „Комуналец" Гостивар, се наведува неговиот ценет персоналитет и стручна подготвеност да одговори на барања на странки за прашања поврзани со областа која ја опфаќа секторот во кој е распореден. Во одговорот на општина Гостивар се наведува и дека сите овластувања дадени од градоначалникот на административни службеници во

Секторот за урбанизам, сообраќај, комунални дејности и заштита на животна средина, за вршење на одредени работни задачи од надлежност на раководни работни места и не давањето на согласност за преземање на [redacted] како административен службеник во Министерството за транспорт и врски биле во согласност со закон.

Комисијата по добиеното изјаснување од општина Гостивар, ценејќи ги наводите во претставката и наводите во одговорот на општината, ги најде за веројатни изнесените факти во претставката дека против лицето [redacted] е сторено вознемирување врз дискриминаторски основ, по што се обрати со Барање бр. 08-47/4 на 14.02.2022 година до општина Гостивар да се достават соодветни податоци, односно Правилник за систематизација на работните места, список на вработените лица во општината распоредени во просториите во ЈП Комуналец Гостивар, податок за вкупен број на вработени во Секторот за урбанизам, сообраќај, комунални дејности и заштита на животна средина, соодветни акти со кои се следи и организира работниот процес во просториите во ЈП Комуналец Гостивар, како и соодветен акт со кој се реализира и организира ротирањето на административните службеници од општинската зграда во општинските простории во ЈП Комуналец Гостивар.

Врз основа на таквото барање општина Гостивар на 23.02.2022 година со допис бр. 09-171/4 (архивски број на КСЗД 08-47/6) даде одговор и достави дел од податоците до Комисијата. Во дописот се наведува дека административните службеници распоредени во просториите на ЈП Комуналец Гостивар, работните задачи ги извршуваат како и сите вработени во општинската администрација без притоа да достави и обезбеди било каков писмен документ во однос на организацијата и реализацијата на работните задачи и работниот процес, како и дека во просториите на ЈП Комуналец Гостивар од 2009 година се распоредени административни службеници без некој конкретен акт, додека во горенаведениот Сектор се вработени вкупно 21 лице. Кон дописот во прилог се дадени Правилник за систематизација на работните места во Општинската администрација на општина Гостивар бр. 09-2110/1 од 14.12.2016 година и список на 11 вработени со име и презиме и звање, односно работно место кои се распоредени во просториите на ЈП Комуналец Гостивар.

Комисијата ценејќи ги наводите во претставката и приложените документи кон неа, како и наводите од добиените одговори и податоци од општина Гостивар, утврди дека врз лицето [redacted] вработен во општина Гостивар на работно место Раководител на Секторот за урбанизам, сообраќај, комунални дејности и заштита на животна средина согласно член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација е сторено вознемирување врз основ на лично својство и општествен статус, што претставува форма на дискриминација во смисла на член 6 од истиот закон.
Имено, Комисијата во постапката по горенаведената претставка ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 13.11.2017 година подносителот на претставката како вработен во општина Гостивар со Наредба бр. 09-1696/1 од 13.11.2017 година е преместен во простории на ЈП


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

„Комуналец" Гостивар наменети за општинската управа. Во повеќе наврати со известувања преку писмени дописи подносителот се обраќал до општина Гостивар, до градоначалникот и до секретарот на општината со барања да биде вклучен во работата на Секторот за урбанизам, сообраќај, комунални дејности и заштита на животна средина.

Согласно приложените документи кон претставката, спроведен бил ненајавен увид од Народен правобранител на 17.01.2018 година, постапувајќи по претставка поднесена од [redacted] во простории на ЈП „Комуналец" Гостивар кои се користат од страна на општина Гостивар. Утврдено било присуство, односно преместени биле 14 лица од општинската зграда во предметните простории, меѓу кои лица и лицето [redacted]. Сите лица биле преместени врз основа на наредби како вработени во општина Гостивар. Лицата биле лоцирани во една просторија од 7/8 м2 без соодветни, односно доволни средства и услови за извршување на работните задачи и обврски, што упатувало дека немаат допир со службени документи и на истите не им се доделувале работни задачи. Утврдени биле неправилности, односно не постоеле елементарни услови за работа на тие лица што доведувало да се заклучи постоење на вознемирување на работното место (мобинг), по што е упатена препорака до градоначалникот на општината за отстранување на неправилностите. По препораката не е постапено, а подносителот на претставката до КСЗД [redacted] не бил преместен во работните простории на централниот објект на општинската управа и не добивал работни задачи и понатаму.

Понатаму, подносителот на претставката [redacted], во месец март 2021 година изјавил согласност за негово трајно преземање согласно Законот за вработени во јавниот сектор од страна на Министерството за транспорт и врски, за што согласен бил и министерот за транспорт и врски, но согласно Известување бр. 09-568/2 од 25.03.2021 година на општина Гостивар, Министерството и лицето [redacted] биле известени дека градоначалникот на општина Гостивар не дал согласност за трајното преземање на административниот службеник, без притоа да биде наведена причина за недавањето на согласноста.

На 19.05.2021 година под НП бр. 953/21, [redacted] поднел претставка до Народниот правобранител на РСМ, по што Народниот правобранител преземал дејствија за постапување по истата и се обратил до Државниот инспекторат за труд да се спроведе инспекциски надзор, а од каде добил известување дека по завршување на инспекцискиот надзор на градоначалникот на општина Гостивар, му било укажано да ги почитува одредбите од Законот за работните односи во делот на дискриминацијата и одредбите од Законот за заштита од вознемирување на работното место. Притоа, Народниот правобранител се повикал и на претходно спроведена постапка во 2018 година за група вработени во општината по наводи за извршена дискриминација врз политички основ и вознемирување на работното место, потврдувајќи ги утврдените факти и дадените препораки упатени кон градоначалникот на општина Гостивар. Дополнително на тоа повторно е дадена препорака до градоначалникот за лицето [redacted] да биде вклучен во процесот на работа во неговиот сектор.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

[redacted] во месец мај 2021 година поднел претставка за инспекциски надзор до Државниот управен инспекторат во врска со неговото прераспоредување во простории во ЈП Комуналец Гостивар, по што инспекторатот спровел вонреден инспекциски надзор и издал Решение со опомена и инструкции ИП1 бр. 11-676 од 19.05.2021 година до градоначалникот на општина Гостивар [redacted] да го врати, односно му овозможи на [redacted] извршување на работните задачи и обврски како раководител на Секторот за урбанизам, сообраќај, комунални дејности и заштита на животна средина. Таквото решение е неуспешно обжалено од страна на општина Гостивар, односно Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка со Решение ИП2 број 12-23 од 07.10.2021 година го потврдила решението на управниот инспекторат.

Следствено на тоа, градоначалникот на општина Гостивар привремено со Наредба 09-829/5 од 12.08.2021 година наредил враќање на вработениот [redacted] во просториите на општинската зграда, за да повторно на 26.08.2021 година издаде нова Наредба бр. 09-1557/1 со која се наредува [redacted] работните задачи од своето работно место да ги извршува од просториите во управната зграда на ЈП Комуналец Гостивар.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата утврди дека на вработениот [redacted] му се одземени одредени овластувања, работни задачи и обврски со Наредба од 13.11.2017 година и истиот е преместен во простории на управната зграда на ЈП Комуналец Гостивар со Наредба од 15..2018 година, речиси на растојание од еден километар од општинската зграда и тоа само две недели, односно два месеци по објавувањето на конечните резултати од локалните избори во 2017 година и преземањето на функцијата градоначалник на општина Гостивар од страна на [redacted] согласно Заклучокот на ДИК за известување за конечност на резултати од гласањето во вториот изборен круг на Локалните избори 2017 година за соодветните општини бр. 08-2648/1 од 01.11.2017 година. Дека на вработениот [redacted] не му е обезбедено непречено извршување на своите работни задачи, од причини што и покрај обраќањето на [redacted] до непосредно претпоставениот секретар на општината и градоначалникот на општината, нема видни докази и документација дека кореспонденцијата се одвивала во двете насоки, односно дека одговорните лица во општината го тврделе спротивното или со соодветна документација би се видело доделување, обезбедување или реализирање на работни задачи и обврски на вработениот [redacted]. Дека за вработениот [redacted] не е дадена согласност од страна на градоначалникот на општина Гостивар за негово трајно преземање преку соодветна постапка во Министерството за транспорт и врски, притоа, не наведувајќи соодветно образложение за не давањето на согласноста, како и дека со две наредби од градоначалникот, вработениот [redacted] во период од само две недели му било наредено да се врати во просториите на централната општинска зграда и потоа наредено повторно да се врати во општинските простории во управната зграда на ЈП Комуналец Гостивар, само за да се постапи по инспекциската мерка од спроведениот инспекциски надзор на Државниот управен инспектор.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Комисијата при утврдувањето на фактичката состојба особено ги ценеше фактите дека вработениот [redacted] по речиси само два месеци од доаѓањето на новиот градоначалник на општина Гостивар, без наведено образложение, е преместен во простории оддалечени од општинските простории на речиси 1 км растојание, дека непосредно по негово повторно преместување во општинската зграда со наредба, речиси веднаш со друга наредба е повторно вратен во просториите на управната зграда на ЈП Комуналец Гостивар, дека општината Гостивар на никој начин не го докажа спротивното од тврдењата на подносителот на претставката, односно не достави писмени докази од кои ќе се утврди непосредна вклученост на вработениот [redacted] во реализација на работните задачи и обврски од работното место на кое е распореден и со тоа да ја координира работата и реализација на надлежностите на Секторот за урбанизам, сообраќај, комунални дејности и заштита на животна средина. Напротив, видно од доставените податоци од општина Гостивар, од вкупниот број на вработени во наведениот сектор, односно 21 вработен, само [redacted] како раководител на секторот и уште едно лице како раководител на одделението за комунални дејности и заштита на животната средина во рамки на истиот сектор, се распоредени во просториите во ЈП Комуналец Гостивар и со тоа физички одделени од останатите вработени во секторот, притоа отежнувајќи и оневозможувајќи го ефективното раководење со секторот и спроведување на работните задачи и обврски. Имено, согласно Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на општина Гостивар бр. 09-2110/1 од 14.12.2016 година, раководителот на Секторот за урбанизам, сообраќај, комунални дејности и заштита на животната средина за работни цели ги има: раководење, организирање, насочување и координирање на работата на секторот за урбанизам, сообраќај, комунални дејности и заштита на животната средина; давање на совети, насоки или помош на секретарот односно градоначалникот за прашања од неговиот делокруг на работа и поддршка на неговата работа и постигнување на ефикасност преку вршење непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите и задачите во секторот. Додека како работни задачи и обврски согласно истиот Акт се утврдуваат следните: ја организира, насочува и координира работата на секторот, ги распоредува работите и задачите на раководителите на одделенијата, го следи текот на извршувањето на работите и врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите и задачите во секторот; ги следи законите и другите прописи од областа на локалната самоуправа, просторното и урбанистичкото планирање, градбата, градежното земјиште, сообраќајот, комуналните дејности и заштитата на животната средина и се грижи за нивна примена и обезбедува единствени ставови и единствен пристап при третирањето на исти или слични прашања; ги следи и анализира состојбите во областа на просторното и урбанистичкото планирање на подрачјето на Општината и во областа на уредувањето на градежното земјиште и предлага иницијативи за подобрување на уредувањето и хуманизацијата на просторот; обезбедува предлог програма и планови за работа на секторот и дава извештај за реализацијата на програмата за работа на секторот и ја координира и се грижи за подготовката на програмата за работа на Општината со другите раководители на сектори; ги следи меѓународните искуства во реализацијата и развојот на локалната самоуправа и ги испитува можностите за покренување иницијативи и предлози за нивна имплементација во Општината; соработува со другите раководни службеници од општината и со раководни


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

административни службеници на соодветно ниво од други органи, за прашања од делокруг на секторот со кој раководи и учествува во работата на работните тела на Советот на Општината кога за тоа е овластен; се грижи за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените во секторот и им дава стручна помош, совети и менторство на останатите административни службеници вработени во секторот; ги оценува раководните административни службеници од непосредното пониско ниво, а по потреба и на други административни службеници кои се вработени во секторот со кој раководи, како и учествува во оценување на административните службеници во својата институција и на административни службеници во други институции. Видно од доставениот список на вработени во општина Гостивар распоредени во управната зграда на ЈП Комуналец Гостивар, распоредени се вкупно 11 лица од различни сектори и одделенија на општината, во различни звања, од што може да се утврди дека сите тие не образуваат соодветна организациона целина, со која вработениот [redacted] како раководител би бил во непосредна поврзаност во смисла на реализирање на неговите работни задачи и обврски. Понатаму, Комисијата особено го ценеше и фактот дека во повеќе наврати по спроведени постапки од други надлежни органи, во однос на утврдените неправилности и изречени укажувања, препораки и мерки, не е постапено или фиктивно се постапило од страна на општина Гостивар, односно од страна на градоначалникот на општината, со што јасно се упатува на намерата вработениот [redacted] да биде оневозможен ефективно да ги извршува работните задачи и обврски, притоа истиот да биде физички одделен од секторот со кој раководи. Комплементарно на тоа е и игнорирањето на барањата и укажувањата на подносителот, со што не постоела речиси никаква кореспонденција со неговите претпоставени во општината во насока на спроведување на соодветни постапки по однос на тврдењата на [redacted] за вознемирување врз него од страна на непосредно претпоставените.

Оттука, Комисијата смета дека така преземените дејствија од страна на градоначалникот на општина Гостивар, претставуваат дејствија на вознемирување согласно член 10 од ЗСЗД, односно несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика, односно дека дејствијата на исклучување од тековните работни процеси и редовната работа на Секторот за урбанизам, сообраќај, комунални дејности и заштита на животна средина во континуитет, претставува форма на дискриминација во смисла на член 6 од истиот закон, каде како дискриминација се подразбира секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други, со што со подносителот на претставката [redacted] во конкретниот случај се постапувало понеповолно во однос на другите вработени во општината Гостивар во смисла на член 8 од ЗСЗД, а со можна цел и намера таквите дејствија да резултираат со престанок на работниот однос или напуштање на работното место во смисла на член 9-а став 3 од Законот за работните односи.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во случај на утврдена дискриминација предвидена е обврска на Комисијата да препорача начин на отстранување на повредата на правото на еднаквост, односно начин на отстранување на дискриминацијата. Ставот 3 од истиот член посочува дека субјектот кон кого е упатена препораката **има должност** да постапи по истата и да ја отстрани повредата на правото на еднаквост во рок од 30 дена и за тоа да ја извести Комисијата. Следствено на ова, Комисијата ја донесе следнава

**ПРЕПОРАКА**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Градоначалникот на општина Гостивар, [redacted], вработениот раководител на Секторот за урбанизам, сообраќај, комунални дејности и заштита на животна средина, [redacted] од просториите во управната зграда на ЈП „Комуналец" Гостивар да го врати во работните простории на општинската зграда со седиште на бул. „Браќа Ѓиноски" 61, Гостивар, **во рок од 30 дена од приемот на ова Мислење и за тоа писмено да ја извести Комисијата.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Градоначалникот на општина Гостивар, [redacted] во иднина да се воздржи од преземање на дејствија за вознемирување на вработениот.

НАПОМЕНА: Доколку лицето на кое се однесува препораката не постапи по истата во опреелениот рок, Комисијата во согласност со член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација поднесува барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

Скопје

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
1[redacted]


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368; +389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk